THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

GENDER AND THE JUDICIARY
in the Western Balkans

ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

# Онлајн обука за родовата рамноправност



UK Government

Спроведувањето на овој проект го поддржува Владата на Обединетото кралство.

## Обука за родовата рамноправност

**AIRE Центарот** има креирано онлајн обука за родовата рамноправност со поддршка на Владата на Обединетото кралство која е наменета за носителите на правосудните функции.

Онлајн обуката можат да ја следат обвинител(к)и, полициски службеници/чки, службеници/чки на центрите за социјална работа, студент(к)и на правните факултети, претставници/чки на медиумите и сите други заинтересирани лица.

Обуката е достапна на сите јазици од говорното подрачје на Западниот Балкан.

## Цели на обуката

- Унапредување на родовата рамноправност преку запознавање на учесниците/чките со основните поими на родовата рамноправност, како што се дефинирањето и објаснувањето на поимите на родовите улоги, родовите идентитети, сексуалната ориентација и разграничувањето помеѓу овие поими.
- Борбата против родовите предрасуди и стереотипи кои отворено се манифестираат во судниците ширум Западниот Балкан, развивање на свест за прашањата на родовата рамноправност и улогата на правосудството.
- Овозможување на продлабочено разбирање на концептот на родовата рамноправност, причините поради кои родовата рамноправност е важна тема, односно како овој принцип се остварува во пракса и до какви последици доведува.
- Разграничување на поимите дискриминација, сексуално вознемирување и мобинг.

## Регистрација

- Регистрација може да направите на веб-страницата на AIRE Центарот https://edu.airewb.org/, при што ќе креирате свој профил на платформата.

## Содржина на обуката

- Обуката се состои од три модули, и тоа:

  **Модул I** во кој е објаснето зошто родовата рамноправност е наша тема, после кој на учесниците/чките ќе им биде овозможено:

  - Полесно разбирање на концептот на родовата рамноправност;
  - Полесно разбирање на поимите пол и род, како и на разликите помеѓу овие поими;
  - Полесно разбирање на поимите родови улоги, родови идентитети, сексуална ориентација, вклучително и на разликите помеѓу овие поими.

  **Модул II** кој е посветен на прашањата на родовите предрасуди и стереотипи како причини за дискриминација, после кој учесниците/чките ќе бидат во можност:

  - Полесно да ги разбираат поимите стереотипи и предрасуди, како и родовите стереотипи и предрасуди;
  - Полесно да ги препознаваат родовите стереотипи и предрасуди како како причини за дискриминација;
  - Полесно да ги разбираат поимот и облиците на дискриминација и нивните специфичности со посебен фокус на дискриминацијата на жените.

  **Модул III** кој се занимава со прашањата за насилство врз жените, после кој учесниците/чките ќе бидат во можност:

  - Да го разбираат концептот на насилство врз жените како родово засновано насилство;
  - Да ги препознаваат различните облици и манифестации на насилство врз жените;
  - Да ја разбираат распространетоста на насилството врз жените во регионот на Западен Балкан.

На учесниците/чките им се понудени материјали за натамошно читање, презентации во кои подетално се обработуваат темите на курсот, како и прашања за проверка на знаењето во рамките на секој модул.

## Траење на обуката

- Онлајн обуката не бара претходна, ниту дополнителна подготовка. За разгледување на материјалите ќе Ви бидат потребни **120 минути** активна работа, која можете да ја распоредите согласно своите обврски и потреби.
- Дополнително, за да ја совладате обуката и за да ги положите тестовите ќе Ви бидат потребни уште околу **60 минути** (ова дополнително време е индивидуално и зависи од претходните знаења на секој од учесниците).
- По завршената обука, секој учесник/чка ќе добие **сертификат**. Центарот за обука во судството и јавното обвинителство овој курс ќе го бодува заради напредување во натамошната кариера на носителите на правосудните функции.



## AIRE Центар

**AIRE Центарот** (*Advice on Individual Rights in Europe/Советување за индивидуалните права во Европа*) е специјализирана невладина организација која ја унапредува примената на европското и меѓународното право. AIRE Центарот веќе 20 години гради голем стручен углед на Западниот Балкан, каде што соработува со правосудните системи во регионот на сите нивоа. AIRE Центарот одблиску соработува со министерствата за правда, центрите за обуки на носителите на правосудни функции, судиите и обвинителите во предводењето, поддршката и помагањето на долгорочните реформи кои се насочени кон јакнење на владеењето на правото и борбата против корупцијата. AIRE Центарот исто така соработува и со невладините организации ширум регионот на унапредување на правните реформи и почитување на основните права.

edu.airewb.org